Агенција за вработување на Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, усвоен од Владата на Република Македонија за Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, на ден **16.04.2018** година се објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

до

ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ГРАДОТ СКОПЈЕ

Се повикуваат Единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје кои се заинтересирани за организирање на Јавни работи преку ангажирање на евидентирани невработени лица со ниски клвалификации во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина да се пријават во работниот клуб на Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување на чие подрачје е седиштето на ЕЛС.
За спроведување на оваа програма е предвидена финансиска поддршка во износ од 400 денари по ангажирано лице, дневно со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.
Средствата ќе се трансверираат по истекот на работното ангажирање до Единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје.

Максималниот број на поддржани лица по општина е 50 лица и истите можат да бидат работно ангажирани од страна на општините и Градот Скопје за период најмногу до 22 дена.

Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и Агенцијата за вработување на Република Македонија и невработените лица.

На корисниците на социјална помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје пријавувањето го вршат со доставување на Пријава на унифициран образец во писмена форма најдоцна до **27.04.2018** година во работниот клуб на Агенцијата за вработување на Република Макединија - Центар за вработување на чие подрачје е седиштето на ЕЛС.

Заинтересираните ЕЛС и Градот Скопје можат да поднесат Пријава во Центарите за вработување, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот. Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30 Центри за вработување, на контакт телефон 02-3111-850 и веб страната на Агенцијата за вработување на РМ www.avrm.gov.mk и веб страната на Министерството за труд и социјална политика www.mtsp.gov.mk.

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА